# Декларација од Алма Ата

## Меѓународна конференција за примарна здравствена заштита, Алма Ата, СССР, 6-12

## септември 1978

Меѓународна конференција за примарна здравствена заштита, средба во Алма-Ата на дванаесеттиот ден од септември оваа година илјада деветстотини седумдесет и осма, со која се искажува потребата од итно постапување од страна на сите влади, сите работници во областа на здравството, развојот и во рамки на светската заедница за да се заштити и унапреди здравјето на сите луѓе ширум светот, и оттука произлегува следната

**Декларација: I**

На конференцијата уште еднаш силно се потврдува дека здравјето, што претставува состојба на целосна физичка, ментална и социјална благосостојба и не само отсуство на болест или слабост, претставува основно човеково право и дека добивањето на највисокиот можен степен на здравје претставува најважната социјална цел ширум светот, за чија реализација потребно е да се преземат активности во многу други социјални и економски сектори покрај здравствениот сектор.

**II**

Постојната голема нееднаквост во здравствената состојба на луѓето, особено помеѓу развиените земји и земјите во развој, како и во рамки на земјите, е политички, општествено и економски неприфатливо, и оттаму претставува заедничка грижа на сите земји.

**III**

Економскиот и социјалниот развој, кој се заснова на новиот меѓународен економски поредок, е од основно значење за целосно уживање на здравјето кај сите и за намалување на јазот помеѓу здравствената состојба во развиените земји и во земјите во развој. Унапредувањето и заштитата на здравјето на луѓето е од суштинско значење за одржлив економски и социјален развој и придонесува за подобар квалитет на живот и за мир во светот.

**IV**

Луѓето имаат право и обврска да учествуваат поединечно и колективно во планирањето и спроведувањето на здравствената заштита.

**V**

Владите имаат одговорност за здравјето на нивните луѓе, која може да се исполни само преку обезбедување на соодветни здравствени и социјални мерки. Главната социјална цел на владите, меѓународните организации и целата светска заедница во претстојните децении треба да биде постигнување за сите луѓе во светот до 2000 година на степен на здравје кој ќе им дозволи да водат социјален и економски продуктивен живот. Примарната здравствена заштита е клучна за постигнувањето на оваа цел како дел од развојот во духот на социјалната правда.

**VI**

Примарната здравствена заштита е основната здравствена заштита која се заснова на практични, научно издржани и социјално прифатливи методи и технологија, кои се универзално достапни за поединци и семејства во заедницата преку нивно целосно учество и за трошок кој заедницата и земјата можат да си го допуштат за да во секоја фаза од нивниот развој се одржи самоопределбата и

самостојноста. Тоа претставува интегрален дел од здравствениот систем на земјата, и тоа претставува негова централна функција и главен фокус, како и дел од севкупниот социјален и економски развој во заедницата. Тоа е првото ниво на контакт на поединците, семејствата и заедницата со националниот здравствен систем, со што здравствената заштита се приближува поблиску до местата каде што луѓето живеат и работат, и претставува прв елемент на континуитет на процесот на здравствена заштита.

**VII**

Примарната здравствена заштита:

- претставува одраз и се развива од економските услови и социокултуролошките и политички карактеристики на земјата и нејзините заедници, и се заснова на примена на релевантни резултати од истражувањата на социјалните, биомедицинските и здравствени служби и искуствата на јавното здравство;

- се однесува на главните здравствени проблеми во заедницата, и на соодветното обезбедување на услуги за унапредување, превенција, лекување и рехабилитација;

- вклучува најмалку: едукација во врска со здравствените проблеми кои преовладуваат и методите за нивна превенција и контрола; унапредување на снабдувањето со храна и соодветна исхрана; адекватно снабдување на безбедна вода и основна канализација; здравствена заштита за мајки и деца, вклучително и планирање на семејство; имунизација против главните заразни болести; превенција и контрола на локални ендемични болести; соодветно лекување на вообичаени болести и повреди; и обезбедување на есенцијални лекови;

- покрај здравствениот сектор, ги вклучува сите поврзани сектори и аспекти од развојот на ниво на држава и заедница, особено земјоделството, полјоделство, храна, индустрија, образование, домување, јавни работи, комуникации и други сектори;
    - Притоа, за тоа се потребни координирани заложби од сите овие сектори;

- наметнува потреба од и се промовира максималната самостојност и учество на заедницата и поединците во планирањето, организацијата, функционирањето и контролата на примарната здравствена заштита,со целосна искористеност на локалните, националните и други расположливи ресурси;
    - И за таа цел се развива способноста на заедниците за нивно учество преку соодветна едукација;

- треба да се одржува преку интегрирани, функционални системи на упатување кои взаемно се поддржуваат, што води кон прогресивно подобрување на сеопфатната здравствена заштита за сите, и давање приоритет на оние кои имаат најголема потреба;

- се потпира, на локално ниво и на ниво на упатувања, на здравствените работници, вклучително на лекарите, медицинските сестри, бабиците, помошниот кадар и на работниците во заедницата, како што е применливо, како и на традиционалните практичари според потребите, кои се соодветно обучени од социјален и технички аспект да работат како здравствен тим и да одговорат на искажаните здравствени потреби во заедницата.

**VIII**

Сите влади треба да формулираат национални политики, стратегии и акциски планови за да се започне и одржи примарната здравствена заштита како дел од сеопфатниот национален здравствен систем и во координација со сите други сектори. За таа цел, ќе биде неопходно да се добие политичка волја, да се мобилизираат ресурсите во земјата и да се користат рационално расположливите надворешни ресурси.

**IX**

Сите земји треба да соработуваат во духот на партнерството и услугите за да се обезбеди примарна здравствена заштита за сите луѓе бидејќи постигнувањето на здравје за луѓето во една земја директно ја засега и дава придобивки за друга земја. Во овој контекст, заедничкиот извештај на СЗО/УНИЦЕФ за примарната здравствена заштита претставува солидна основа за понатамошен развој и функционирање на примарната здравствена заштита ширум светот.

**X**

Прифатливиот степен на здравје за сите луѓе во светот до 2000 година може да се постигне преку поцелосна и подобра искористеност на ресурсите во светот, од кои значителен дел се трошат на вооружување и вооружени конфликти. Со општата политика за независност, мир, попуштање на тензиите, и разоружување може и треба да ослободат дополнителни ресурси кои може да се посветат на мировни цели и особено на забрзување на социјалниот и економскиот развој, каде примарната здравствена заштита како основен елемент треба да добие соодветен удел.

Меѓународната конференција за примарна здравствена заштита повикува на итно и ефективно постапување на национално и меѓународно ниво за развој и имплементација на примарната здравствена заштита ширум светот и особено во земјите во развој во духот на техничката соработка и за одржување на новиот меѓународен економски поредок. Се поттикнуваат владите, СЗО и УНИЦЕФ, и други меѓународни организации, како и мултилатерални и билатерални агенции, невладини организации, агенции за финансирање, сите здравствени работници и целата светска заедница за да се поддржи националната и меѓународната посветеност на примарната здравствена заштита и да се канализира зголемената техничка и финансиска поддршка особено во земјите во развој. Конференцијата ги повикува сите претходно наведени страни да соработуваат во воведувањето, развојот и одржувањето на примарната здравствена заштита согласно на духот и содржината на оваа Декларација.